Влада на Република Северна Македонија

Врз основа на член 16 ставови (2) и (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19, 153/191, 80/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22,236/22, 199/23, 236/23 и 263/23) Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 29.12.2023 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ХИВ ИНФЕКЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2024 ГОДИНА

## I. Вовед

Република Северна Македонија е земја со ниско ниво на ХИВ епидемија која е концентрирана кај клучните популации засегнати од овој вирус. Почнувајќи од 2018 година Министерството за здравство во целост го презеде финансирањето на активностите за превенција на ХИВ кај клучните засегнати популации. Со цел да се постигне најмногу за вложените ресурси, потребни се фокусирани интервенции, координација и поврзување со другите сродни стратегии и области и вклучување на локалната власт во одговорот кон ХИВ. Намалувањето на стигмата и дискриминацијата и воопшто на нееднаквостите во пристапот до здравствените и социјалните услуги се основен предуслов за успешна реализација на целите на Програмата и напредок кон ставање крај на епидемијата на ХИВ во земјата до 2030 година.

## II. Моментална состојба

Во изминатите осум години се бележи растечки тренд во бројот на новодијагностицирани случаи на ХИВ-инфекција на годишно ниво. Зголемениот број нови дијагнози во дел може да се објасни и со целните активности за тестирање токму во клучните засегнати популации, кои се изложени на повисок ризик од ХИВ-инфекција. Исклучок од овој тренд претставуваше 2020 година, кога беа регистрирани 30 нови случаи на ХИВ, што може да е резултат на намален број направени тестови во услови на кризата со КОВИД-19. Ситуацијата се измени во 2021 и 2022 година, кога бројот на дијагностицирани случаи повторно е близок на просекот за претходните пет години (2018-2022), кој изнесува приближно 45 случаи. Во 2023 година до 15 декември беа дијагностицирани 49 случаи на ХИВ. Кај 11 од новодијагностицираните тестот бил направен во рамките на услугите за доброволно тестирање (четири во центарот за советување за ХИВ при Клиниката за инфективни болести, два во центрите за јавно здравје, а пет во центрите на граѓанските организации – а од нив едно лице преку програмата за самотестирање, еден преку Програмата за предекспозициска профилакса, и едно лице од биобихевиоралното истражување што го спроведува здружението ЕГАЛ); 26 лица тест направиле во државни болници, девет во приватна лабораторија/болница, додека во три случаи тестот бил направен во странство. Од новите случаи 45 се од машки пол, додека четири лица се од женски пол. Кај 29 од случаите откриени во 2023 година пријавениот начин на пренос на инфекцијата е сексуален однос помеѓу мажи, додека во 20 случаи е пријавен хетеросексуален сексуален однос. Дури 24 од дијагностицираните случаи биле

дијагностицирани доцна (т.е. при број на ЦД четири клетки понизок од 350 клетки на микролитар), од кои девет биле дијагностицирани во многу напреден стадиум на ХИВ-инфекцијата. Дополнително, во последните пет години зголемен е и бројот на смртни случаи како резултат на синдромот на стекната имунодефициенција. Податоците од редовното следење и од биобихејвиорални студии покажуваат дека преваленцата се зголемува кај мажите кои имаат секс со мажи (МСМ), каде што во 2018 година таа беше проценета на 5,4% или повеќе од двојно повеќе споредено со истото истражување во 2014 година. Алатката за моделирање за ХИВ на Европскиот центар за превенција и контрола на болестите произведе проценет вкупен број од околу 500 лица што живеат со ХИВ на крајот на 2021 година. Анализата на т.н. континуум на грижата во врска со ХИВ за истата временска точка покажа дека само 70,3% (n=348) од проценетиот вкупен број на лица што живеат со ХИВ биле свесни за својот ХИВ-позитивен статус на крајот на 2021 година, што е значително пониско од глобалниот просек за истиот параметар, кој изнесувал 85% за истата година. Од друга страна, најмалку 94,5% (n=329) од дијагностицираните лица што живеат со ХИВ примале антиретровирусна терапија, додека дури 96,2% (n=317) од оние на терапија имале постигнато целосно потиснат вирус. Сите овие податоци укажуваат на потребата од дополнително интензивирање на активностите за тестирање особено кај клучните популации, зголемени напори за подигнување на свесноста за ХИВ, особено во популацијата на мажи што имаат секс со мажи и воведување нови пристапи на превенција.

**III Приоритетни цели на програмата за 2024 година**

**Главна цел на програмата е:**

**Одржување ниска преваленца на ХИВ во Република Северна Македонија преку универзален пристап до превенција, третман, грижа и поддршка, базиран на почитување на човековите права и недискриминација.**

**Специфични цели на програмата за 2024 година се:**

1. Да се одржи ниска преваленца на ХИВ кај клучните популации во Република Северна Македонија во 2024 година;

2. Да се зголеми бројот на лица од клучни популации кои го знаат својот ХИВ статус, со акцент на МСМ;

3. Секое лице кое живее со ХИВ да има пристап до квалитетен и сеопфатен третман за ХИВ и услуги за грижа и поддршка како дел од сеопфатен третман за ХИВ;

4. Одржување интегриран и одржлив информациски систем за мониторинг на активностите и на постигнатите резултатите поврзани со превенција, третман, грижа и поддршка за ХИВ;

5. Лабораториски анализи за избор на ефикасен антиретровирусен третман и контрола на ефикасноста во лекувањето на ХИВ позитивни индивидуи.

**Успешноста на Програмата ќе се оценува преку основните индикатори на исход:**

1. Број на новодијагностицирани случаи на ХИВ според стадиум на инфекција;

2. Број и процент на лица кои го знаат својот ХИВ-статус;

3. Број и процент на лица кои се поставени на антиретровирусна терапија (АРТ);

4. Број и процент на лица кај кои е постигната супресија на ХИВ.

**IV. Мерки, активности и показатели на успешност**

**Цел 1. Да се одржи ниска преваленца на ХИВ кај клучни популации во Република Северна Македонија во 2024 година.**

**Цел 2. Да се зголеми бројот на лица од клучни популации кои го знаат својот ХИВ статус.**

**Мерка 1: Зголемување на опфатот на** МСМ **со услуги за превенција на ХИВ и други сексуално преносливи инфекции (СПИ)**

**Активности:**

1. Одржување, отворање нови и проширување на стационарните и теренските сервиси за МСМ;
2. Воведување нови и иновативни пристапи за зголемување на опфатот со ХИВ превенција за МСМ (социјални, нови и електронски медиуми, апликации и платформи за паметни телефони, ИТ алатки и сл.);
3. Редовно обезбедување на услуги за постекспозициска профилакса при сексуално изложување на ХИВ кај лица под висок ризик, во согласност со националното упатство за примена на постекспозициска профилакса против ХИВ-инфекцијата, усвоено во јули 2021 година;
4. Континуирано нудење на услугите за предекспозициска профилакса во партнерство меѓу ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби и граѓанскиот сектор, врз основа на имплементациската студија спроведена во текот на 2021 година и упатството за употребата на предекспозициска профилакса за ХИВ во контекст на сексуалното здравје усвоено во 2021 година.

Точките 1 и 2 од оваа мерка ќе се реализираат преку воспоставени програми за превенција на ХИВ меѓу мажи што имаат секс со мажи, вклучувајќи теренски активности во неколку градови, стационарни активности во Скопје, како и со примена на дигитални алатки и иновативни пристапи за мобилизација на мажи кои имаат секс со мажи кон услугите за сексуално и репродуктивно здравје и превенција на ХИВ. Овие мерки преку предвидените активности имаат за цел да поттикнат средина која овозможува остварување на правото на здравје и намалување на јазот во обезбедувањето на услуги за соодветно сексуално и репродуктивно здравје (СРЗ).

Со теренските активности се предвидува да се опфатат вкупно 2500 лица со основен пакет на услуга (кондом, лубрикант и едукативен материјал). Дополнително, во соработка со

активностите за теренско ХИВ тестирање и советување кај клучните популации и активностите за дијагноза и третман на сексуално преносливи инфекции и услуги за сексуално и репродуктивно здравје кај клучните популации и млади лица, ќе бидат опфатени мажи што имаат секс со мажи со проширен пакет на услуга (ХИВ-тест, кондом, лубрикант, едукативен материјал), како и со теренско доверливо тестирање за сексуално преносливи инфекции преку теренски работници во Скопје, Струмица, Штип, Охрид, Куманово и Битола. Воспоставените стационарни активности во Скопје ќе вклучуваат: (1) директно советување, онлајн советување и инфо-линија за ХИВ, СРЗ и ПрЕП; (2) психолошко советување и (3) стационарно доброволно советување и тестирање за ХИВ и сифилис, а предвидено е да се опфатат 200 мажи што имаат секс со мажи (МСМ). Активностите во оваа област треба да вклучуваат и примена на алатки за комуникација, вклучувајќи и иновативни пристапи за поголема мобилизација на припадниците на целната група во користење на услугите за превенција и ХИВ-тестирање. За оваа област на делување издвоени се вкупно 2.760.000,00 денари, како и средства во рамките на Мерка 5. Подобрување на достапноста на ХИВ тестирањето за лица припадници на клучните популации и на општата популација – активности еден и три.

Точката 4, која е исклучително значајна за спречување на преносот на ХИВ во рамките на оваа клучна засегната популација, ќе се спроведе во партнерство со ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби и граѓанскиот сектор.

**Показатели на успешност**

1. Број на организации кои нудат услуги за превенција на ХИВ кај МСМ
2. Број на МСМ опфатени со основен пакет за превенција на ХИВ;
   Цел: 2500 МСМ опфатени на годишно ниво
3. Број на лица што примаат предекспозициска профилакса кај МСМ и редовно се следат;
   Цел: опфатени најмалку 100 лица

**Извршители:** ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби; Министерство за здравство; здруженија

**Мерка 2: Елиминирање на стигма, дискриминација и хомофобија кон МСМ**

**Активности:**

1. Организирање активности против хомофобијата и јавната стигма и дискриминацијата кон популацијата на МСМ;
2. Зајакнување на капацитетите на лицата кои работат во програмите за поддршка на МСМ;
3. Сензитивизација и обука на засегнати страни со цел креирање на поддржувачка средина за ефективна превенција на ХИВ и сексуално преносливи инфекции меѓу МСМ;

**Показатели на успешност**

1. Број на активности за намалување на стигма;

2. Број на работилници и обучени лица;

**Извршители:** Здруженија

**Мерка 3: Одржување висок опфат и квалитет на програмите за намалување штети од употреба на дроги кај лицата кои инјектираат дроги (ЛИД)**

**Активности:**

1. Одржување на стационарните и теренските програми за намалување на штетите од употреба и инјектирање дроги раководени од здруженијата;
2. Проширување на програмите за намалување на штетите од употреба и инјектирање дроги во регионот на Тетово;
3. Психосоцијална поддршка на лица кои се на третман за зависност од дроги; Проширување на сервисите и фреквенцијата на теренско доброволно советување и тестирање за ХИВ (ДСТ) и воведување на интегрирани услуги за ДСТ во рамките на превентивните услуги кои се нудат од страна на здруженијата.

Точката 1 од оваа мерка ќе се реализира преку програми за превенција на ХИВ кај ЛИД што ги спроведуваат здруженија. Овие програми предвидуваат да се опфатат со основен пакет на услуга (сет од една игла и еден шприц, кондом и едукативен материјал) вкупно 2900 лица од целната популација, во рамките на веќе воспоставени програми за намалување на штети од употреба на дроги односно програми за размена на игли и шприцеви, дистрибуција на кондоми, лубриканти и информативно-едукативни материјали, стационарни и теренски услуги од теренски, социјални и медицински работници, психосоцијална поддршка, едукации за ХИВ, мотивација за третман на зависност и други активности, во вкупно 16 : три во Скопје и по една во 12 други градови и тоа Гостивар, Куманово, Охрид, Струга, Битола, Прилеп, Кичево, Велес, Кавадарци, Штип, Струмица, и Гевгелија. За оваа област на делување издвоени се вкупно 6.265.000,00 денари.

Точката 2 од оваа мерка ќе се реализира преку програмата за психосоцијална поддршка за лица што се лекуваат од зависност од дрога, која вклучува: теренска работа во собиралишта и во домовите на лица што користат дрога (советување за намалување на ризично однесување, мотивација за третман или барање на стручна помош во советувалиштето, поделба на информативно-едукативни материјали, кондоми и лубриканти и ваучери за бесплатно ХИВ тестирање); теренска работа за социјални интервенции (посредување и стручна помош при вадење на докумени потребни за здравствено осигурување, социјално осигурување и др.); групи за самопомош; информативна линија (информации и совети по телефон за проблеми поврзани со употреба на дроги, ХИВ, ХЦВ и сексуално преносливи инфекции); доверливо и анонимно советување од стручни лица –психијатри, клинички психолози, психолози и социјални работници; креативни работилници и психосоцијален клуб; шприц патрола (собирање на високо инфективен отпад, превенција на ХИВ и други по крвно/сексуално преносливи инфекции, подигнување на свесноста кај лицата кои инјектираат дрога за овие инфекции и намалување на стигмата). Со услуги за психосоцијална поддршка предвидено е да се

опфатат 250 лица кои се лекуваат од зависност од дрога. За оваа област на делување издвоени се вкупно 550.000,00 денари.

**Показатели на успешност**

1. Број на ЛИД опфатени со основен пакет за превенција на ХИВ;
   Цел: 2900 опфатени ЛИД на годишно ниво
2. Број на ЛИД ( на супституциска терапија/или во процес на приклучување на терапија) опфатени со психо-социјална поддршка;
   Цел: 250 ЛИД на годишно ниво

**Извршители:** Здруженија

**Мерка 4: Одржување на висок опфат и квалитет на програмите за превенција на ХИВ и СПИ кај сексуални работници (СР)**

**Активности**

1. Одржување на стационарните и теренските програми за превенција кај СР раководени од граѓанскиот сектор;
2. Развивање програма за работа со машки и трансродни сексуални работници;
3. Зајакнување на организациските и оперативни капацитети на постоечките програми за поддршка на сексуалните работници, вклучително и сексуални работници кои се мажи што имаат секс со мажи;
4. Проширување на сервисите за ДСТ и воведување на интегрирани услуги за ДСТ во рамките на превентивните услуги кои се нудат од страна на здруженијата.

Точките 1 и 4 од оваа мерка ќе се реализира преку воспоставените програми за превенција на ХИВ кај сексуални работници. Се предвидува да се опфатат со основен пакет на услуга (кондом, лубрикант и едукативен материјал) вкупно 900 лица од целната група, во рамките на веќе воспоставените осум стационарни и теренски програми со вклучени теренски и социјални работници, пиер едукации и други активности во седум градови низ Република Северна Македонија: Скопје (две), Гостивар, Охрид, Битола, Струмица и Гевгелија. За оваа област на делување издвоени се вкупно 3.669.000 денари.

**Показатели на успешност**

1. Број на СР опфатени со основен пакет за превенција на ХИВ;
   Цел: 900 опфатени СР на годишно ниво

**Извршители:** Здруженија

**Мерка 5. Подобрување на достапноста на ХИВ тестирањето за лица припадници на клучните популации и на општата популација**

**Активности**

1. Одржување на постоечките теренски сервиси за ХИВ тестирање за клучните популации засегнати од ХИВ, раководени од здруженијата;
2. Демедикализација на ХИВ тестирањето со брзите скрининг тестови;
3. Интегрирање на ХИВ тестирањето во постоечките стационарни сервиси за превенција на ХИВ и сексуално и репродуктивно здравје (СРЗ) раководени од здруженијата и засегнатите заедници;
4. Проширување и надградба на програмите за ХИВ тестирање со фокус на мажи кои имаат секс со мажи и машки сексуални работници кои се раководени од здруженијата и засегнатите заедници во соработка со јавно-здравствените институции;
5. Воведување на нови и иновативни пристапи за промоција и зголемување на опфат со ХИВ тестирање помеѓу клучните популации засегнати од ХИВ;
6. Подобрување на условите за ХИВ тестирање и советување за клучни популации и ранливи групи во рамки на здравствените установи, вклучително и во диспанзери за туберкулоза, центри за лекување на зависности и затвори и институции од затворен карактер;
7. Проширување на соработката помеѓу јавно-здравствените установи и здруженијата за подобрување на достапноста и квалитетот на ДСТ;
8. Изработка на протокол и воведување на самотестирање за ХИВ;
9. Секој позитивен скрининг тест ќе биде потврден/отфрлен во референтните лаборатории при Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија или ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби.

Активностите 1 и 5 од оваа мерка ќе се реализираат преку воспоставената програма за теренско ХИВ тестирање и советување кај клучните популации, која вклучува активности поврзани со теренско советување и тестирање, спроведувано од две мобилни теренски возила, опремени за таа намена; обезбедување материјали за тестирање, следење на тестирањето и собирање податоци за теренското и стационарното тестирање за ХИВ во сервисите на здруженијата за клучните популации на национално ниво; дистрибуција на кондоми, лубриканти и едукативни и информативни материјали; активности за мобилизација на лица од засегнатите заедници, активности за зголемување на свеста за ХИВ тестирањето и јакнење на капацитетите на давателите на услуги за ХИВ тестирање. Предвидено е да се опфатат 1100 лица (мажи што имаат секс со мажи – 600 лица, лица кои инјектираат droги – 250 лица, сексуални работници – 250 лица) со основен пакет на услуга (пред-тест советување, тестирање со брз тест за ХИВ и пост-тест советување) во Скопје и уште 13 градови низ државата: Тетово, Гостивар, Велес, Кичево, Прилеп, Охрид, Струга, Битола, Кавадарци, Штип, Струмица, Гевгелија и Куманово. Советувањето и тестирањето треба да биде доброволно и доверливо и да биде спроведено од лица кои имаат поминато претходна обука за советување и тестирање за ХИВ. Теренските тимови е потребно да се составени од три лица (советувач, лаборант и лице за контакт со целната група – гејткипер). За оваа област на делување издвоени се вкупно 1.500.000,00 денари.

Активноста 3 од оваа мерка ќе се реализира преку активности за дијагноза и третман на сексуално преносливи инфекции (СПИ) и услуги за сексуално и репродуктивно здравје кај

клучните популации и млади лица во рамките на младинските пријателски сервиси за СРЗ во Скопје и работата на мобилна гинеколошка амбуланта за сексуално и репродуктивно здравје, со кои е планирано да се зголеми пристапот до квалитетни услуги за сексуално и репродуктивно здравје помеѓу лицата од клучните популации (мажи што имаат секс со мажи, лица што инјектираат дрога и сексуални работници, како и на луѓето кои живеат со ХИВ и нивните партнери) и младите луѓе. Преку стационарните и мобилниот сервис за СРЗ ќе се нудат следните услуги: гинеколошки прегледи и советувања (дијагностика на сексуално преносливи инфекции, администрирање на терапија и контрацепција, вагинален и ЕХО преглед и сл.); дерматовенеролошки прегледи (крио терапија, дијагностика на сексуално преносливи инфекции, администрирање на терапија); ХИВ тестирање и психосоцијални советувања; дистрибуција на кондоми, лубриканти и едукативни и информативни материјали. Со оваа активност потребно е да се опфатат 600 клиенти од целните групи: МСМ – 200 лица, СР– 300 лица и ЛИД – 100 и 250 млади луѓе кои ќе направат тестови за СПИ (сифилис, гонореја, хламидија и/или трихомонас) и/или гинеколошки преглед (вагинален преглед и ЕХО). Оваа област вклучува и активности за јакнење на капацитетите на давартелите на услуги за секуално и репродуктивно здравје во младинските пријателски сервиси за секуално и репродуктивно здравје и работата на мобилната гинеколошка амбуланта. За оваа област на делување издвоени се вкупно 2.400.000,00 денари.

**Показатели на успешност**

1. Број на млади и лица од општа популација тестирани за ХИВ

   Цел 1100 годишно

2. Број на МСМ тестирани за ХИВ и други сексуално преносливи инфекции (СПИ);

   Цел: 200 годишно

3. Број на ЛИД тестирани за ХИВ и други сексуално преносливи инфекци (СПИ);

   Цел: 100 годишно

4. Број на СР тестирани за ХИВ и други сексуално преносливи инфекци (СПИ);

   Цел: 300 годишно

5. Изменета законска регулатива/донесено решение за вршење на ХИВ тестирање во овластени здруженија

**Извршители:** Здруженија, центри за јавно здравје, Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија, ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби

**Мерка 6. Подигање на свесноста и сензитивноста за ХИВ и правата на лицата од клучните популации меѓу општата јавност и клучните институциите**

**Активности**

1. Обуки за сензитивизација на кадар во клучни институции (здравство, социјална заштита, правда, полиција, медиуми и др.) и изработка на водичи за работа со припадници на клучните популации
2. Едукативни сесии за превенција на ХИВ со фокус за намалување на стигма и дискриминација кон клучни популации и лица кои живеат со ХИВ
3. Спроведување на активности со фокус на намалување предрасудите и дискриминацијата, зголемување на стапката на ХИВ-тестирање и одбележување на Светскиот ден на СИДА

Показатели на успешност

1. Број на обучени и сензитивизирани здравствени работници во однос на проблематиката поврзана со ХИВ инфекцијата
2. Број на едукативни сесии за превенција и со фокус за намалување на стигма и дискриминација кон клучни популации и лица кои живеат со ХИВ
3. Број на фокусирани активности и кампања за подигнување на јавната свесност изразен во проценет број на индивидуи до кои допреле комуникациските пораки

**Извршители:** Министерство за здравство, Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија, ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби, здруженија, центри за јавно здравје.

**ЦЕЛ 3: Секое лице кое живее со ХИВ да има пристап до квалитетен и сеопфатен третман за ХИВ и услуги за грижа и поддршка како дел од сеопфатниот третман за ХИВ**

**Мерка 1. Воспоставување интегриран систем за обезбедување на терапијата, грижа и поддршка за лица кои живеат со ХИВ**

**Активности:**

1. Утврдување и континуирано ажурирање на листа на неопходни антиретровирусни лекови за прва, втора и трета линија на терапија, како и педијатриски антиретровирусни лекови
2. Набавка и дистрибуција на антиретровирусни лекови и редовно следење на нивните ефекти
3. Координиран пристап помеѓу ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби, Министерството за здравство, Агенцијата за лекови и медицински средства и Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија во планирањето на процесите за обезбедување на терапијата, како и вклучување на заедницата на лица што живеат со ХИВ во следењето на процесите
4. Ревидирање на националното упатство за медицинско згрижување при ХИВ-инфекција, во согласност со медицината базирана на докази и упатствата на СЗО и на Европското клиничко здружение за СИДА
5. Обезбедување услови за планирано родителство на мажи и жени кои живеат со ХИВ

**Мерка 2. Одржување добро здравје и висок степен на адхерентност кај пациентите со ХИВ на АРТ (>90%) преку континуирано нудење услуги за психосоцијална поддршка**

**Активности**

1. Обезбедување сервиси кои овозможуваат долг и квалитетен живот за луѓето кои живеат со ХИВ и висока адхерентност до антиретровирусната терапија, вклучувајќи и психосоцијална и врсничка поддршка и позитивна превенција (едукација и советување за сексуалното здравје; справување со стигмата и дискриминацијата и промоција на употребата на кондоми).

Активноста 1 од оваа мерка ќе се реализира преку воспоствена програма за позитивната превенција и психосоцијалната поддршка за лицата со ХИВ и нивни партнери со превенција кај МСМ, која опфаќа: услуги за превенција фокусирана на лицата што живеат со ХИВ и нивни партнери и за поддршка во рамките на заедницата (врсничко советување, социотерапевтски групи, обуки за позитивна превенција, придружба и помош во пристапот до здравствени услуги и до терапија, помош во домашни или болнички услови, информативно-едукативни материјали); психосоцијална поддршка (советување, покривање на трошоци за пат за подигнување на терапија и за медицинска контрола за ХИВ, доделување помош од основни прехранбени и хигиенски производи, помош на немоќни или хоспитализирани пациенти, поврзување со институции и со услуги на други здруженија); обуки за едукација и сензитивизација на здравствени работници во врска со ХИВ за намалување на дискриминацијата во здравствениот сектор; продуцирање на едукативен материјал; активности за подигнување на јавната свесност, нормализирање на услугите за ХИВ во јавноста и за мобилизирање поголема општествена поддршка. Оваа програма исто така вклучува и опфат на лица од целната популација на мажи што имаат секс со мажи со основен пакет за превенција, ХИВ-тестирање, како и опфат со услугите за предекспозициска профилакса кои ќе се нудат во партнерство со Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби, вклучувајќи проценка на бихејвиоралната соодветност на ПрЕП, проценка на адхеренцата, едукација, советување и поддршка во користењето на профилаксата. Со услугите за позитивна превенција и поддршка во рамките на заедницата предвидено е да се опфатат најмалку 80 лица што живеат со ХИВ, од кои барем 30 нови (опфатени по прв пат) и најмалку 100 лица со ХИВ-тестирање и советување и 100 лица со услуги за советување и поддршка при користење на предекспозициска профилакса. За оваа област на делување издвоени се вкупно 770.000,00 денари.

**Показатели на успешност**

1. Број и процент на лица кои АРТ;
   Цел: најмалку 90% лица со дијагностицирана инфекција се поставени на АРТ
2. Процент на лица кои се задржани на терапија
3. Процент на лица кај кои е постигната супресија на вирусот;
   Цел: најмалку 90% од лицата што примаат АРТ
4. Ажуриран протокол за терапија

5. Број и процент на лица опфатени со услуги за психосоцијална и врсничка поддршка и позитивна превенција во рамките на ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби и преку соработка со здруженија за поддршка на лица што живеат со ХИВ.
   Цел: најмалку 90% од лицата со дијагностицирана ХИВ-инфекција

**Извршители:** ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби, здруженија.

**Цел 4: Одржување на интегриран и одржлив информациски систем за мониторинг на активностите и на постигнатите резултатите поврзани со превенција, грижа и третман на ХИВ.**

**Мерка 1. Прибирање, раководење и употреба на стратешки информации за мониторинг на ХИВ епидемијата и програмите за превенција**

**Активности:**

1. Унапредување и одржување на националниот електронски систем за прибирање информации поврзани со превенција на ХИВ кај клучни популации
2. Спроведување на редовни мониторинг посети во сите организации и институции за обезбедување на квалитет на активностите
3. Одржување на Националниот центар за мониторинг и евалуација на активностите за превенција на ХИВ во Република Северна Македонија
4. Континуирана едукација за надзор и пријавување во информацискиот систем за сите инволвирани организации и институции
5. Годишна проценка на број на лица што живеат со ХИВ користејќи релевантни алатки за моделирање (според Европскиот центар за превенција и контрола на болести, УНАИДС – заедничка програма на Обединетите Нации за ХИВ и сл.)
6. Подобрување на дисеминацијата на податоците, извештаите од надзорот и резултатите од истражувањата за ХИВ
7. Редовно ажурирање на анонимниот регистар за случаи на ХИВ помеѓу ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фербилни состојби и Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија
8. Анализа на континуумот на услуги за здравствена грижа во врска со ХИВ во соработка со ЈЗУ Универзитетска клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби и Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија

**Показатели на успешност**

1. Функционален електронски систем за прибирање на податоци
2. Број на одржани обуки за корисници
3. Број на теренски увиди
4. Редовни квартални, полугодишни и годишен извештај за реализација на програмските активности
5. Извештај за напредокот кон постигнување на целите „95-95-95“

6. Ажурирана база на податоци помеѓу Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија и ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби

**Извршители:** Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија и ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби

**Цел 5: Лабораториски анализи за избор на ефикасен антиретровирусен третман и контрола на ефикасност во лекувањето на ХИВ позитивни индивидуи**

**Мерка:** Лабораториски анализи за избор на ефикасен антиретровирусен третман и контрола на ефикасност во лекувањето на ХИВ-позитивни индивидуи.

**Активности**: Следниве специфични тестови се предвидени да се извршуваат на Институтот за имунобиологија и хумана генетика на Медицинскиот факултет при Универзитет Св. Кирил и Методиј - Скопје:

1. Испитување на вирусниот тропизам за CCR5 рецепторот пред започнување на терапија со антагонист на CCR5, или при неефикасност во користењето на овој лек;

2. Испитување на транспортерот на П-гликопротеин еден (MDR1) заради соодветна проценка на очекуваното намалување на вирусното оптоварување кај пациентот;

3. Испитување на цитохром P450 изоензимот 2D6 (CYP2D6) за проценка на стапката на метаболирање и соодветно, ефикасноста на антиретровирусните лекови и индивидуализирано дозирање на овие лекови;

4. Испитување за HLA-B*5701 пред започнување на третман со лекот abacavir (ABC) со цел да се избегнат ризични, животозагрозувачки реакции на овој лек кај носители на специфичната HLA варијанта.

Во согласност со актуелните препораки за дијагностицирање и терапија на лицата со ХИВ, предвидуваме сите овие анализи да се прават кај секој новооткриен ХИВ-позитивен случај во Република Северна Македонија, како и кај пациенти кои веќе започнале со терапија, а не се добива соодветен одговор од тековната терапија. Проектираната бројка на пациенти кои ќе бидат опафтени со овие анализи за 2024 година е 50.

За сите испитаници потребниот материјал за анализа е крв, од која се изолира ДНК, која потоа се користи за амплифицирање на конкретните гени од интерес, а дел се складира за понатамошни анализи. Комбинираните трошоци за сите анализи по еден испитаник (вклучени земање крв, изолација на ДНК, неколку ПВР амплификации, хибридизација со специфични олигонуклеотидни проби, ХЛА типизација со Luminex и ССП) изнесуваат 20.000 ден. За анализирање на предвидени 50 испитаници во 2024 година, вкупно се предвидени 1.000.000 ден. (еден милион денари).

Со вклучување и финансирање на оваа ставка во Програмата за ХИВ значајно ќе се унапреди третманот и квалитетот на живот на ХИВ-позитивните лица.

**Извршители: Институтот за имунобиологија и хумана генетика на Медицинскиот факултет при Универзитет Св. Кирил и Методиј - Скопје**

**V. Потребни финансиски средства (обем, цена и вкупни средства) Табела 1**

| Ред бр. | Активност | Извршител | Количина | Цена (во денари) | Планиран износ согласно програма (во денари) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Национален центар за управување со податоци, надзор, следење и проценка | Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија | 1 | 600.000,00 | 600.000,00 |
| 2 | Одржување дата-база за известување, мониторинг посети и одржување на возило | Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија | 1 | 50.000,00 | 50.000,00 |
| 3 | Набавка на ХИВ тестови за брз скрининг и за самотестирање за потребите на целата Програма | Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби | 1 | 1.100.000,00 | 1.100.000,00 |
| 4 | Набавка на кондоми и лубриканти | Министерство за здравство | 1 | 1.066.000,00 | 1.066.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5 | Превенција на ХИВ кај клучните популации – програми за МСМ во Скопје, Струмица, Штип, Охрид, Куманово и Битола | Избрани здруженија | 1 | 2.760.000,00 | 2.760.000,00 |
| 6 | Превенција на ХИВ кај клучните популации – програми за ЛИД во Скопје (3), Гостивар, Куманово, Охрид, Струга, Битола, Прилеп, Кичево, Велес, Кавадарци, Штип, Струмица, и Гевгелија | Избрани здруженија | 1 | 6.265.000,00 | 6.265.000,00 |
| 7 | Превенција на ХИВ кај клучните популации – програми за СР во Скопје (2), Гостивар, Охрид, Битола, Струмица, Гевгелија | Избрани здруженија | 1 | 3.669.000,00 | 3.669.000,00 |
| 8 | Позитивна превенција и поддршка за лица со ХИВ со превенција кај МСМ | Избрани здруженија | 1 | 770.000,00 | 770.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 9 | Активности за теренско ХИВ тестирање и советување кај клучните популации | Избрани здруженија | 1 | 1.500.000,00 | 1.500.000,00 |
| 10 | Психосоцијална поддршка за лица што се лекуваат од зависност од дрога | Избрани здруженија | 1 | 550.000,00 | 550.000,00 |
| 11 | Активности за дијагноза и третман на СПИ и услуги за сексуално и репродуктивно здравје кај клучните популации и млади лица | Избрани здруженија | 1 | 2.400.000,00 | 2.400.000,00 |
| 12 | Обучување на советувачи за доброволно советување и тестирање за ХИВ во 10 Центри за јавно здравје, во соработка со Националната комисија за ХИВ | Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија | 1 | 60.000,00 | 60.000,00 |
| 13 | Доброволно и доверливо тестирање и советување за ХИВ | 10 Центри за јавно здравје | 1400 | 150,00 | 210.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 14 | Набавка на антиретровирусни лекови за терапија и профилакса за ХИВ-инфекцијата и тестови за следење на одговорот на терапијата кај пациентите | Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби | 1 | 78.000.000,00 | 78.000.000,00 |
| 15 | Иследување за избор на ефикасен антиретровирусен третман и контрола на ефикасност на лекување со антиретровирусна терапија HLA- B-5701 тест, Тропизам -CCR5, Фармакогенетика, Генотипизација - CYP450 | Институт за имунобиологија и хумана генетика на Медицински факултет при Универзитет Св. Кирил и Методиј - Скопје | 50 | 20.000,00 | 1.000.000,00 |
| **ВКУПНО** | | | | | **100.000.000,00** |

**VI. Финансирање (извори на обезбедување на средствата – Буџет на Република Северна Македонија, донации и други извори)**

Вкупните средства за реализација на оваа програма изнесуваат 100.000.000,00 денари. Оваа програма ќе се реализира во рамките на средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, и тоа: 100.000,000,00 денари од основен Буџет, додека дел од активностите и мерките ќе се реализираат во рамките на постоечките буџети на јавните здравствени установи.

**VII. Извршители на Програма**

Извршители на оваа програма се Министерство за здравство, Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија, Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби, Институт за имунобиологија и хумана генетика на Медицински факултет при Универзитет Св. Кирил и Методиј – Скопје и здруженија избрани врз основа на јавен повик објавен од страна на Министерство за здравство.

**VIII. Доставување на извештаи и рокови**

Распределбата на средствата од оваа програма ќе ја врши Министерството за здравство кон извршителите на активностите, врз основа на доставени фактури изготвени според приложените формати за изготвување на фактури, барање за исплата на средства со уредно пополнети наративни извештаи за имплементација на активностите, преглед на трошоци, изјава за потврда на спроведените активности и точноста на доставените податоци во извештајот, барање за исплата на средства и фактура, докази за извршена набавка, договори и друга документација.

**IX. Следење на реализација на Програмата (мониторинг и евалуација)**

Следење на спроведувањето на оваа програма ја врши Министерство за здравство во соработка со Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија.

Министерството за здравство подготвува Годишен извештај за програмска и буџетска реализација на оваа програма најдоцна до крајот на јули 2025 година.

Подготвениот Годишен извештај за програмска и буџетска реализација на програмата се објавува на интернет страницата на Министерството за здравство.

**X. Влегување во сила**

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**Бр:________________** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**________________ година** **НА ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА,**

**С к о п ј е** **Д-р Димитар Ковачевски**